

VIVAX
Made for you

# DD-207 WH
# DD-207 S
# DD-207 SL

**MK**

**Упатства за употреба**

Гарантен лист

И035 21

# Содржина

- **Сигурносни предупредувања**
  - Значајни сигурносни ознаки и предупредувања
  - Предупредувања поврзани со електрично поврзување
  - Предупредувања поврзани со користење на уредот
  - Предупредувања поврзани со одложување на намирници
  - Предупредувања поврзани со стар или непотребен уред
  - Предупредувања поврзани со транспортот
- **Користење на фрижидерот**
  - Главни делови и функции
  - Опрема
  - Прво вклучување
- **Одржување на фрижидерот**
  - Чистење
  - Одмрзнување
  - Доколку уредот нема да се користи подолго време
- **Најчести прашања и проблеми**
- **Замена на насоката на отварање на врата**
- **Напомена и совети за штедење на енергија**
- **Одложување на потрошениот уред, ЕУ Изјава за согласност**

## Почитувани:

Ви благодариме што го купивте овој фрижидер. За да обезбедите оптимално работење и да ги искористите сите достапни функции на уредот, внимателно прочитајте ги овие упатства.

Ве молиме, фрлете го пакувањето во согласност со важечките локални прописи за животна средина.

Кога го фрлате стариот фрижидер-замрзнувач, контактирајте ја вашата локална канцеларија за електронско отстранување на отпад за да го фрлите вашиот уред безбедно и еколошки.

Овој уред треба да се користи само за складирање храна и ладење на пијалоци. Употребата на уредот за други цели не се препорачува и производителот не е одговорен за било каква штета предизвикана од неправилна употреба.

Прочитајте ги овие упатства внимателно пред да го инсталирате и поврзете фрижидерот во напојување. Производителот не е одговорен за неправилно користење на уредот.

Строго следете ги упатствата дадени во овој прирачник. Чувајте ги упатствата на познато и безбедно место и чувајте ги во случај на дополнителна потреба.

# Сигурносни предупредувања

## Значајни сигурносни знаци



**Знак Забрана**

Овој знак означува забрана за одредени активности. Непочитување на упатството може да доведе до оштетување на производот или загрозување на сигурноста на корисникот.



**Знак Предупредување**

Овој знак означува на упатство кое задолжително мора да се почитува и следи. Непочитувањето на упатствата може да предизвика оштетување на производот или загрозување на сигурноста на корисникот.



**Знак Внимание**

Овој знак означува дека е потребно внимание на одредени активности. Потребно е да се придржувате до мерките на претпазливост бидејќи може да дојде до повреда или оштетување на уредот.

**ВНИМАНИЕ:**

- Овој уред не е наменет за користење од страна на лица (вклучувајќи деца) со намалени физички, сетилни или ментални способности или недостаток на искуство и знаење, освен ако не се под надзор од страна на лицето одговорно за нивната сигурност.
- Овој уред може да го користат деца од 8 години и постари и лица со намалени физички, сетилни или ментални способности или недостаток на искуство и знаење, освен ако се под надзор и добиле упатства за безбедно користење на уредот и ги разбираат сите потенцијални опасности на кој се изложени за време на користење на уредот.
- Децата не смеат да си играат со уредот.
- Децата на возраст од 3 до 8 години не смеат да го полнат и празнат уредот.
- Децата смеат да го чистат или извршуваат корисничко одржување на уредот само доколку се под надзор.

Овој уред е наменет исклучиво за домаќинско користење и слични намени како што:

- Кујнски простории за вработени во продавници, фирми и други работни простории
- Угостителски објекти како што се собите во хотелите, мотелите и други слични објекти.
- “Bed and breakfast” (спиење со појадок) соби.
- Ketering и слични кој не овозможуваат изнајмувачки сервис.

**Предупредувања поврзани со електричното поврзување**



- Немојте да го влечете кабелот за напојување кога го одповрзувате од утикач и штекер. Ве молиме цврсто фатете го утикачот и повлечете го од штекер.




- Никогаш немојте да го одповрзувате / приклучувате кабелот за напојување со влажни раце или мокри за да не бидете изложени на опасност од струен удар.




- За да се обезбеди сигурно користење внимавајте да не го оштетите кабелот за напојување. Немојте да го користите уредот доколку кабелот за напојување или утикачот се оштетени.



- Осигурајте се дека кабелот за напојување и утикачот се секогаш достапни.
- Со цел за спречување на опасност од електричен удар, во случај на оштетување на напонскиот кабел, истиот мора да биде заменет од страна на производителот, или друго овластено лице.

- Вашиот уред поседува уземјен утикач кој е поврзан на уземјен кабел за напојување на уредот. Овој утикач треба да се приклучи директно на уземјен штекер од 10А моќност на струја. Доколку во вашиот дом не постои таков штекер, Ве молиме да се посетувате со овластен електричар или со вашиот дистрибутер на електрична енергија. Замената препуштете ја на квалификуван електричар. Утикачот немојте да го делите со други електрични уреди.
- Немојте да користите продолжни кабли или надворешни тајмери.
- Утикачот и кабелот за напојување мора да биде цврсто вметнат во утикач, за да се спречат можни искри и предизвикување на пожар.
- Немојте да го притискате, повлекувате или виткате кабелот за напојување.
- Фрижидерот е наменет за приклучување на напојување 220-240V, 50Hz. Флуктацијата на напон преку граница од 220-240 ± 10%V може да предизвика дефект или оштетување на уредот. Доколку имате нестабилен извор на напојување, обезбедете стабилизатор за напојување со минмална моќност од 750W.

**Предупредувања поврзани со користење на уредот**

- Фрижидерот содржи разладен плин R600a и изолација од Циклопенат. Типот и количината на плинот се означени на налепницата од уредот. Плинот R600 е потполно еколошки прифатлив, природен плин, и е потполно безопасен, али запалив. За време на транспортот и инсталирање на уредот внимавајте да не дојде до оштетување на ниту еден дел (компонента) на уредот. Доколку дојде до оштетување, избегнувајте отворен пламен и изложување на уредот на топли извори, и веднаш добро проветрете ја просторијата во која уредот е сместен.



**ВНИМАНИЕ Опасност од пожар!**

- Заради безбедност, не се препорачува на уредот да се поставуваат други електрични уреди како што е микробрановата печка и слични електрични уреди.
- Немојте да користите електрични уредо во фрижидерот или замрзнувачот.
- Забрането е неовластено расклопување, прееиначување, уништување на компресорот или разладниот круг бидејќи тоа може да предизвика загадување на околината и истекување на разладен плин. Поправката и одржувањето мора да ги изврши професионален и овластен сервис.





- Оштетен кабел мора да биде заменет кај производителот или овластен сервисер за да се избегне опасност од електричен удар.
- Отворите на фрижидерот или замрзнувачот, наменети за вентилација на уредот, мора да бидат слободни заради циркулирање на воздухот.
- Слотовите и отворите помеѓу вратата и куќиштето на фрижидерот се мали. Немојте да ги ставате рацете во тие простории за да спречите приклештување на прстите. Ве молиме бидете внимателни за време на затварање на вратата на фрижидерот за да се избегне паѓање на намирници или садови од вратата.
- Немојте да го допирате системот за ладење, замрзнатите метални предмети, лименки или садови, поготово немојте да ги допирате со влажни раце бидејќи можете да се повредите..
- Немојте да им дозволувате на децата да си играат со



фрижидерот. Децата никогаш не смеат да седат на носачите/држачите или да висат на вратата од фрижидерот.

- Немојте да го прскате или перете фрижидерот со млаз вода.
- Немојте да го користите фрижидерот на отворен простор и да го изложувате на дожд или голема влага за да не дојде до дефект на електричните делови и изолацијата на фрижидерот. Немојте да го изложувате уредот на директна сончева светлина и топлина.



- Немојте да ставате тешки и високи предмети на уредот. За време на отварање на вратата, предметите можат да паднат од уредот и да предизвикаат оштетување или повреда.
- Задолжително одспојте го утикачот за напојување во случај на прекин на електрично напојување во мрежата или за време на чистење и одржување на уредот.
- Немојте да го приклучувате уредот на напојување во рок од пет минути по исклучување, за да се спречи оштетување на компресорот заради последователно стартување.

**Предупредувања поврзани со одложување на намирници**



- Немојте да го користите уредот за складирање на експлозивни работи како што е аеросолната лименка или садовите кој содржат запаливи средства бидејќи тоа може да предивика оштетување на уредот или пожар. Шишињата, кој содржат висок процент на алкохол, мора да бидат поставени вертикално.

- Немојте да го поставувате фрижидерот во простор каде што се складираат експлозивни или запаливи работи, и немојте да ставате запаливи предмети во близина на фрижидерот за да избегнете опасност од пожар.




- Овој уред е наменет за чување на свежа храна и пијалок. Немојте да го користите фрижидерот со цел за чување на крв, лекови или биолошка содржина.
- Немојте да чувате експлозивни работи, како што е аеросолот, запаливиот плин во фрижидерот.




- Немојте да ставате стаклени флаши или некакви други намирници од цврст материјал наполнет со течност во делот за замрзнување, може да дојде до распукување.
- Немојте да го јадете ледот кој се насобрал во замрзнувачот.
- Немојте да ја допирате замрзнатата храна со влажни раце. Немојте одма да ја јадете замрзнатата храна.

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Отворите за вентилација на фрижидерот треба да бидат слободни и без препрека.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** немојте да ја оштетувате инсталацијата за ладење.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ**: Немојте за одмрзнување и отстранување на лед да користите електрични греалки, спреј за одмрзнување или оштри предмети.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Доколку фрижидерот не го користите, и пред корисничко одржување или чистиње задолжително исклучете го од напојување.

- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Кога го поставувате уредот, имајте во предвид кабелот за напојување да не е згмечен, заглавен или оштетен. Доколку кабелот за напојување е оштетен, мора да биде заменет од производителот, сервисерот или друга квалификувано лице за да се избегне потенциално опасна ситуација и електричен удар.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Доколку оваа единица се замену со некоја стара со заклучување; отстранете ја бравата и вратата од сигурносни причини, за да ги заштитите децата додека си играат од заклучување.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Старите фрижидери содржат разладен CFC плин и мораат правилно да се одложат. Пред да го одложите стариот уред, отстранете ја вратата за да спречите децата да не се заклучат во уредот.
- **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Немојте да го приклучувате уредот на продолжен кабел и да го поставувате на преоносен или продолжен кабел позади уредот. Немојте да користите продолжен кабел кој нема уземјување (2 полни утичници) или адаптери.
- Добро проверете дали има евентуално напукнати делови на уредот. Доколку имате било какво прашање, контактирајте го вашиот локален добавувач. Истотака проверете дали на уредот има било какво оштетување пред да е спакуван од овластениот сервис.

**Позиционирање**



Пред започнување со користење на фрижидерот-замрзнувачот, отстранете го оргиналното пакување на уредот , вклучувајќи го стиропорот и траката во замрзнувачот, извадете ја заштитната фолија од вратата и куќиштето доколку постои.

Одложете ја амбалажата на уредот вон дофат на мали деца. Обратете внимание децата да не си играат со

амбалажата, бидејќи тоа може да предизвика гушење и повреди опасни по живот.



Уредот чувајте го на добро прозрачени места, подалеку од топлина, прашина и немојте да го изложувате на директна сончева светлина.



Немојте да го сместувате уредот на отворен простор и да го изложувате на вода или влага, за да се спречи создавање на рѓа или намалување на изолациската ефикасност.

Фрижидерот-замрзнувачот треба да го сместите во проветрена просторија, уредот мора да биде поставен цврсто на подлогата и да биде рамен со подот.

Самостојните уреди не се наменети да се користат како вградливи!




Слободниот простор над фрижидерот мора да биде поголем од 30cm, а одалеченоста од двете страни и задната страна мора да биде поголема од 10cm за да се олесни отварањето и затварањето на вратата и дренажата на топлината.



**ВАЖНО:** Уредот мроа да стои цврсто на подлогата и да биде рамен со подот (свртете ги израмнувачките ногарки на уредот додека не биде стабилен)







Оставете доволно простор за да се обезбеди лесно отварање на вратата и отстранување на полиците.

**WxD ≥ 902 × 1052mm**

Димензиите се прикажани само како описна информација.

**Предупредувања поврзани со одложување на уредот**



Плин R600a материјалите за изолација од циклопетан и пена се запаливи и заради тоа одложениот фрижидер треба да биде изолиран од извор на толина и пламен, кој не смее да се пали.



Ве молиме одложете го фрижидерот-замрзнувачот на место за рециклирање или повикајте фирма за згрижување на електричен отпад за да се избегне штета на околината или човековото здравје.

## ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ЗАКЛУЧУВАЊЕ НА ДЕЦА

Отстранете ја вратата и полиците од фрижидерот за да избегнете несреќа при игра на деца кој можат да влезат во фрижидерот.

Доколку стариот фрижидер кој го одложувате поседува брава на вратата, задолжително отстранете ја бравата од фрижидерот, за да ги заштитите сопствените деца од заклучување.

## Сервис

Уредот треба да го сервисирате во овластен сервис користејќи само оргинални резервни делови. Ни под кои услови немојте да пробувате да го поправите уредот сами. Поправката која ја спроведувате лица без потребно искуство може да предизџвикаат повреда или дефект на уредот. Секогаш контактирајте квалификуван сервисер.

Немојте да ја покривате задната страна и останатите излези за воздух на уредот.

Немојте да ги чувате намирниците на повисока температура во близина на сензорот за температура во фрижидерот.

Дозволено е да ја извадите полицата во просторот за замрзнувач и да ја ставите храната дирекнот на полицата.

## Транспорт

Уредот мора да се транспортира во оргиналната кутија доколку тоа не е можно, треба да биде замотан со мека крпа и добро прицврстен.

Транспортот во несоодветна амбалажа мое да предизвика оштетување на куќиштето и внатрешните делови на уредот.

Пред преместување на фрижидерот, отстранете го целиот прибор и прицврстете ги полиците и преградите, прицврстете ја или извадете ја полицата за овошје и зеленчук. Осигурајте се дека вратата е добро затворена и прицврстена и дека нема да се отвори за време на транспортот.

За време на преместување на уредот држете го за куќиштето или за рабовите на куќиштето. Во никој случај немојте да го лизгате или влечете уредот држејќи го за вратата, рачката или горниот покрив.

Немојте да го навалувате уредот и да го вртите наопаку и немојте да го тресете.

Аголот на носење не смее да биде поголем од 45°.

За време на носење и транспорт, немојте да го држите уредот за врата или шарки.

**НАПОМЕНА:**

**Било каков дефект или штета настаната за време на товарање, истоварање или транспорт на уредот, по испорака на производот до корисникот не е покриена со гаранција.**

# Користење на фрижидерот




## Делови и функција

1. Горна шарка
2. Простор на замрзнувачот со решетка со полица
3. Простор во фрижидерот
4. Осветлување
5. Контрола термостат
6. Стаклена полица *
7. Стаклен покрив за полицата *
8. Сад за овошје и зеленчук *
9. Прилагодливи ногарки
10. Долна шарка
11. Полици во вратата *
12. Полица за шишиња *

**Положбата и сместувањето на полиците, кутиите за храна, итн. Прикажани на горанта слика осигуруваат најдобра енергетска ефикасност.**

** Сликите во ова упатство се само за информативна цел: вашиот производ може да се разликува во деловите и дополнителната опрема*

## Опрема на фрижидерот

Фрижидерот како дел од опремата има разновидни стаклени полици и пластични прегради, кои се вклучени во опремата на ладилникот - различни модели имаат различни комбинации.

Најниската стаклена полица секогаш мора да биде во најниска положба, веднаш до фиоката за овошје и зеленчук. За да ја прилагодите висината на полицата, повлечете ја полицата нанадвор додека не може да се ротира и поставете ја на посакуваната позиција.

Со цел оптимално користење на просторот во фрижидерот и замрзнувачот, дозволено е отстранување на полиците или фиоките на замрзнувачот, во зависност од дневните потреби.

## Простор за ладење во фрижидерот и замрзнувачот

Просторот за ладење во фрижидерот и замрзнувач погоден е за ладење на храна како овошје, зеленчук, пијалоци и друга храна што се конзумира за кратко време. Препорачаното време на складирање е од 3 до 5 дена.

Топлите намирници не треба да се ставаат во фрижидер додека не се оладат на собна температура.

Препорачливо е намирниците да бидат добро затворени (во сад или вреќа) пред да ги ставите во фрижидер.

Полиците може да се преместат во висина на внатрешноста на ладилникот за оптимално организирање на просторот.

Замрзнувачот се користи за подолго складирање на храна (до 6 месеци). За повеќе информации во врска со должината на можното складирање, проверете го пакувањето на производот или храната што ја замрзнувате.

Никогаш не замрзнувајте ја одмрзнатата храна.

## Белешки и совети за поставување на намирниците во фрижидерот

- Складирањето на сурово месо и риба чувајте го во соодветни садови во фрижидерот, за да не дојде во контакт со друга храна или да капе. Зготвеното месо или риба секогаш треба да се чува на полицата над суровото месо или риба за да се избегне пренесување на бактерии. Чувајте го суровото месо или риба во сад доволно голем за да ги собере исцедените сокови и добро покријте го. Садот ставете го на најниската полица.
- Оставете слободен простор околу намирниците за да се овозможи циркулација на воздухот. Осигурајте се дека храната не лежи на внатрешните ѕидови на фрижидерот.
- За да спречите пренесување на вкусови, мириси или сушење, чувајте ја секоја храна во посебен пакет или сад и покријте го. Овошјето и зеленчукот не треба да бидат спакувани или покриени.
- Зготвената храна прво треба да се олади на собна температура пред да се стави во фрижидер. На овој начин ќе помогне во одржување на внатрешната температура и заштеда на енергија.
- За да избегнете расипување на храната, следете ги овие упатства:
  - Отворање на вратата на подолг период може да предизвика значително зголемување на температурата во одделите на фрижидерот или замрзнувач.
  - Редовно чистете ги површините кој можат да дојдат во контакт со храна и пристапните системи за одводнување.
  - Исчистите ги садовите за вода вода ако не се користени 48 часа; измијте го водоводниот систем кој е поврзан со водоводот, ако водата не е црпена 5 дена.
  - За да спречите излегување на ладниот воздух од уредот, обидете се да го

ограничите бројот на отворање на вратите. Препорачуваме да ја отворите вратата само кога треба да ставите или вадите храна.

- Во случај вашиот фрижидер да има дел за замрзнување со 4 звездички, овој уред **е соодветен за замрзнување на намирници**.

Во случај вашиот фрижидер да има оддел за замрзнување со 1, 2 или 3 ѕвезди, овој апарат **НЕ е погоден за замрзнување на храна**:

- Прегради за замрзната храна со две ѕвезди * се погодни за складирање на **претходно замрзната храна**, складирање или правење сладолед и правење коцки мраз.
- Преградите со една, две и три ѕвездички * **не се погодни за замрзнување на свежа храна**.
- Ако го оставите ладилникот празен подолго време, исклучете го, одмрзнете го, исчистете го, исушете го и оставете ја вратата отворена за да спречите појава на мувла во внатрешноста на уредот.

# Прво вклучување

## Чистење пред прво користење

Избришете ја внатрешноста на фрижидерот во благ раствор во сода бикарбона. Потоа избришете ја внатрешноста со мека крпа или сунѓер натопен во топла вода. Измијте ги полиците и фиоките во топла вода и исушете ги целосно пред да ги вратите назад во фрижидерот.

Исчистете ја надворешноста на уредот со мека, влажна крпа.



Доколку ви требаат повеќе информации, видете го делот: „Чистење и одржување"



- **Пред вклучување на напојување**
  Проверете дали напонот во вашето домаќинство одговара со работниот напон на уредот (220-240V, 50Hz) и штекерот да има уземјување и соодветен утикач за фрижидерот.
- **Пред вклучување**
  Поставете го фрижидерот на предвиденото место и оставете го да мирува барем еден саат пред да го приклучите уредот на напојување 220-240V, 50Hz

Фрижидерот треба да работи најмалку 2 до 3 саати пред да почнете да одложувате свежи или замрзнати намирници.

Во лето или кога температурата во околината е висока, треба да го оставите уредот најмалку 4 саати во работа.

# Користење

## Вклучување на уредот




- Вртечкото копче за прилагодување на температурата се наоѓа во просторот на замрзнувачот:

  **Кога копчето на термостатот е сртено до крајната позиција, под ознаката "MIN" (1) или на OFF уредот е исклучен и нема да лади.**

  **Позиција "MIN" (1-2)** : − **Поставена повисока температура на ладење**

**Позиција “MED” (3-4) : − Нормално користење uporaba (погодна за повеќе ситуации)**

**Позиција “MAX” (5-6) : − Поставена ниска температура на ладење**

- За време на високи температури во околината за време на топлите летни денови, можеби ќе биде потребно термостатот да го поставите на позиција за посилно ладење (позиција "**MAX**" **(5-6)**, крајна десна позиција). Тоа може да предизвика постојано работење на компресорот.
- За време на првата инсталација, поставете го вртечкото копче на позиција "**MED**" **(3-4)**.
- Оставете го замрзнувачот да работи некое време пред да започнете да ставате намирници. Најдобро е да почекате 24 саати пред ставање на храна.

  Доколку е потребно, свртете го копчето на термостатот за поставување на посакувана температура.
- **Кога копчето на термостатот е свртена до крајната позиција, на ознаката “OFF” уредот нема да лади и ќе биде исклучен.**

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: На таа позиција, иако фрижидерот не ладо, тоа значи дека уредот е исклучен од напојување. За чистење и одржување на уредот, задолжително одспојте го уредот со извлекување на утикачот од штекер!**

## Шум и звуци од фрижидерот

Може да забележите дека вашиот уред понекогаш произведува невообичаени звуци, ако има шум или звук на истурање вода, итн. овие звуци се вообичаени и нормални и не влијаат работата на фрижидерот.
Овие звуци се предизвикани од протокот на разладниот плин во системот за ладење. Овие звуци станаа поизразени по воведувањето на CFC плин. Ова не е дефект и не влијае на перформансите на вашиот уред.

## Промена на LED светлото

Доколку е потребно, LED осветлувањето мора да го замени овластен сервис. Ве молиме контактирајте го овластениот сервис или производителот.

# Одржување

## Чистење

**Пред започнување со чистење задолжително одспојте го фрижидерот од напојување**



Потребно е редовно да се чисти прашината од задниот дел на ладилникот за да се подобри ефикасноста на ладењето и заштедата на енергија.
Внатрешноста на фрижидерот треба редовно да се чисти за да се избегнат непријатни мириси.

- Користете мека крпа или сунѓер натопен во вода и неутрален не-корозивен детергент за чистење.

- Извадете ги сите полици и фиоки од фрижидерот. За да го отстраните плехот за овошје и зеленчук, прво отстранете ја долната стаклена полица.
- Избришете ја внатрешноста на апаратот со лесен раствор во сода бикарбона, а потоа избришете ја внатрешноста со мека крпа или сунѓер. На крај, исушете ја внатрешноста со сува крпа. Измијте ги и исушете ги полиците и фиоките на ист начин.
- Користете влажна крпа за чистење на надворешноста. Можете да користите стандардни средства за чистење мебел. Проверете дали хемикалиите за чистење не доаѓаат во контакт со гумата на вратата.
- Исчистете ја гумата на вратата со влажна и мека крпа.
- Решетката од кондензаторот на задната страна од уредот можете да ја исчистите со помош на правосмукалка со продолжетокот со меката четка.

## Совети за чистење

Кондензација може да се формира од надворешната страна на уредот. Ова може да се должи на промена на температурата или зголемена влажност во просторијата. Избришете ја кондензацијата со сува крпа. Ако проблемот продолжи, консултирајте се со квалификуван техничар за помош.

За да го забрзате сушењето на внатрешноста на ладилникот, оставете ја вратата отворена.

Откако внатрешноста е добро исушена, затворете ја вратата и поврзете го фрижидерот со напојувањето.

Немојте да користете тврди четки, метални четки, жица за чистење, абразиви, како што се паста за заби, органски растворувачи (како што е алкохолот, ацетонот, маслото, итн.), врела вода, киселини или алкали при чистење, бидејќи тоа може да ги оштети куќиштето и внатрешноста на фрижидерот.

Немојте да го перете уредот со млаз вода бидејќи може да влијае на електричната изолација.

Ве молиме користете сува крпа при чистење на копчињата за контрола на температурата и електричните компоненти.

## Одмрзнување

Спроведете го процесот на одмрзнување кога слојот мраз на површината на испарувачот во внатрешноста на замрзнувачот достигнува 3 или 4 mm..

1. Исклучете го ладилникот од напојувањето за да започнете со постапката.
2. Извадете ги сите полици и замрзната храна од фрижидерот. Чувајте ја замрзнатата храна на ладно место.
3. За да го соберете стопениот мраз, ставете плиток сад во замрзнувачот. Можете да го забрзате топењето ако во фрижидерот ставите сад исполнет со топла вода.
4. Откако ќе се стопи мразот, извлечете плиток сад и измијте ја внатрешноста на замрзнувачот.
5. Убаво исушете ја внатрешноста на замрзнувачот.
6. Вратете ги фиоките и замрзнатата храна во замрзнувачот и затворете ја вратата.
7. Повторно вклучете го фрижидерот и поставете го термостатот на саканиот режим.

   Препорачливо е да искористите замрзната храна што е можно поскоро.

Немојте да користете остри метални предмети или електричен грејач за одмрзнување за да избегнете оштетување на инсталацијата на ладилникот. Отстранете ја храната и чувајте ја на ладно место пред да почнете со одмрзнување и да ги отстраните фиоките и другиот прибор.

## Доколку нема да го користите уредот подолг временски период

Во случај на прекин на струја, храната во фрижидерот може да се чува неколку часа дури и во лето; Потоа, препорачливо е да избегнувате често отворање на вратата и ставање на свежа храна во фрижидерот.

Исклучете го фрижидерот и темелно исчистете ја внатрешноста на фрижидерот.

Држете ја вратата отворена за да избегнете создавање лош мирис.

**Откако фрижидерот е вклучен, препорачливо е да го исклучувате само при чистење или ако немате намера да го користите подолг временски период.**

**Немојте да го движите фрижидерот за време на работата, бидејќи тоа влијае на работата на компресорот и неговиот век на траење**

# Често поставувани прашања и проблеми

Следниве едноставни пречки корисникот може да ги отстрани.
Во случај на неотстранливи проблеми, ве молиме контактирајте ја корисничката служба.

| | |
|---|---|
| Уредот не работи | Замрзнувачот е поврзан на штекер и е поврзан со електричната мрежа, но нема напон во штекерот<br>Апаратот не е вклучен. Напојувањето се гаси или прекин во струјното коло |
| Неугоден мирис | Храната со непријатен мирис треба внимателно да се завитка<br>Намирниците се расипани<br>Внатрешноста на уредот треба да се исчисти |
| Храната во фрижидерот се замрзнува | Дали термостатот е премногу слабо поставен?<br>Храната содржи многу вода |
| Долготрајно работење на компресорот | Нормално е замрзнувачот да работи долго време во лето кога температурата на околината е повисока<br>Не ставајте премногу храна во замрзнувачот<br>Не ставајте храна додека не се оладиČesto otvaranje |
| Вратата на фрижидерот неможе да се затвори правилно | Пакувањето од храната го отежнува затворањето на вратата.<br>Премногу храна. Неправилно поставен замрзнувач, кој се ниша.. |
| Гласен звук | Ако храната не е подредена правилно, ако фрижидерот не е балансиран, ако деловите и приборот не се правилно поставени. |

**Совети:**

- Замрзнувачот може да произведе топлина за време на работата, особено во летните месеци, ова е предизвикано од зрачење на кондензаторот, и ова е нормална појава.
- Кондензација: ова ќе го откриете на надворешната страна и од вратата на замрзнувачот кога влажноста е висока, тоа е нормално, а кондензацијата може да се избрише со сува крпа.
- Звукот на проток на воздух и протекување: Плинот за разладување содржан во системот за ладење произведува звук додека поминува низ капиларите. Ова е нормално и не влијае на ефектот на ладење.
- Зуење: ќе се појави при стартување на компресорот, особено при вклучување / исклучување.
- Бучава: одреден звук ќе се генерира во електромагнетниот вентил, така што ова е нормално и не влијае на работата.
- Задниот ѕид за ладење на ладилникот повремено ќе замрзне и ќе се стопи (капки вода ќе се формираат на задната страна при одмрзнување). Ова е нормално.

# Промена на насоката на отварање на вратата

**Внимание**: За да избегнете повреда и / или оштетување на уредот, препорачуваме некој да ви помогне во процесот на промена на насоката на отворање на вратата.

**Осигурајте се дека ладилникот е исклучен од напојување и е празен.**

**Ставете ги ногарките за израмнување во највисока позиција**.

**Препорачуваме да имате некој да ви помогне.**

Потребни алатки :: Шрафцигер

**ЗАБЕЛЕШКА:** За да ја отстраните вратата, навалете го апаратот наназад.
Апаратот треба да го потпрете на цврста и стабилна површина, на пример стол под горната плоча за да можете да пристапите до дното на фрижидерот.
Немојте да го ставате апаратот целосно на задната страна, бидејќи тоа може да го оштети системот за ладење.

1. Исклучете го фрижидерот од напојувањето и извадете ги сите намирници и подвижните делови од внатрешноста на фрижидерот.

2. Отстранете ги горните заштитни шарки.





3. Одзавртете ги 3 завртки кои ги држат шарките.



4. Отшрафете ја осовината на шарката и поместете го вратилото во спротивна положба на шарката.
   A. Извадете ја осовината на вратата. Поместете го вратилото на вратата на спротивната страна од држачот за шарки.



   B. Отстранете го граничникот за отварање на вратата од лежиштетот во вратата (долна страна)



   C. Преместете го граничникот на вратата на спротивна страна од вратата.



5. Отшрафете ги завртките и отстранете ја долната шарка од вратата.



***Забелешка** : немојте да го навалувате фрижидерот за повеќе од 45°.*

6. Преместете го лежајот на осовината и граничникот на вратата на спротивна страна од вратата.



7. Префрлете ја долната шарка од вратата на спротивната страна.



8. Поставете ја долната врата на долната шарка и преместете ја и прицврстете ја средната шарка.



9. Поставете ја горната врата на средната шарка.



10. Преместете ја горната шарка на спротивната страна.



11. Поставете ја горната врата на средната шарка и наместете ја горната шарка во спротивна позиција, прицврстете ја шаркат аи поставете ја на заштитниот покрив преку шарката.



12. Поставете ги заштитните капаци во местата на завртките на шарките од спротивната страна.

13. Заменете ги местата на нагоарките и прилагодете ја висината за фрижидерот да стои цврсти и во вертика на подлогата.



## Совети за штедење на енергија

Обидете се да не ја отворате вратата премногу често, особено кога воздухот во просторијата е влажен и топол. Кога ќе ја отворите вратата, затворете ја што е можно побрзо.

Осигурете се дека ладилникот има адекватен проток на воздух постојано зад апаратот.

Под нормални температурни услови, поставете го копчето за термостат на средната вредност.

Пред да ставите храна во фрижидер, оставете ја топла храна да се излади на собна температура.

Акумулациите на мраз и замрзнување ја зголемуваат потрошувачката на енергија. Одмрзнете го замрзнувачот веднаш штом ледениот слој е подебел од 3-5 мм.

- Ако вашиот уред има надворешен кондензатор, кондензаторот и задниот ѕид секогаш треба да бидат без прашина или нечистотија.
- Фрижидерот треба да се наоѓа во најстудениот дел од просторијата, далеку од извори на топлина и грејачи и надвор од директна сончева светлина.
- Оставете топлата храна да се излади на собна температура пред да ја ставите во фрижидерот.
- Преоптоварувањето и неправилното полнење на фрижидерот може да влијае на ефикасноста на ладењето и потрошувачката на енергија, а компресорот ќе работи подолго за истата ефикасност.
- Намирниците кој се замрзнуваат подолго, го губат квалитетот и може да се расипат.
- Проверете дали храната е правилно спакувана. Избришете ги садовите и намирниците пред да ги чувате во фрижидер. Ова ја намалува влажноста во внатрешноста на ладилникот и акумулацијата на мраз.
- Немојте да ја виткате храната во алуминиумска фолија, хартиена хартија бидејќи таквите облоги ја попречуваат циркулацијата на студениот воздух, правејќи го апаратот помалку ефикасен.
- Организирајте и обележете ја храната за да ги намалите отворите на вратата.
- Обидете се да ги земете сите потребни намирници истовремено и затворете ја вратата што е можно побрзо

## Резервни делови

Нарачаните делови во следната табела можете да ги напавите на каналот:

| **Делови за нарачување** | **Обезбедување услуга:** | **Минимално време на достапност на делот:** |
|---|---|---|
| Термостат | Стручно сервисно лице | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Сензори за температура | Стручно сервисно лице | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Стаклена плоча | Стручно сервисно лице | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Осветлување | Стручно сервисно лице | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Рачки на вратата | Стручно сервисно лице и краен корисник | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Шарки за врата | Стручно сервисно лице и краен корисник | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Полици и полица за врата | Стручно сервисно лице и краен корисник | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Фиока | Стручно сервисно лице и краен корисник | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |
| Фиоки за врата | Стручно сервисно лице и краен корисник | Најмалку 7 година по последната продажба на моделот на пазар |

## Климатска класа

За климатската класа на уредот погледнете ја натписната плоча на уредот.

| **Класа** | **Ознака** | **Просечна температура во околината (°C)** |
|---|---|---|
| Проширена умерена | SN | + 10 to + 32 |
| Умерена | N | + 16 to + 32 |
| Суптропска | ST | + 16 to + 38 |
| Тропска | T | + 16 to + 43 |

- Проширена умерена температура: овој фрижидер е наменет за употреба на собна температура во опсег од10°C до 32°C; Умерена: овој фрижидер е наменет за употреба на собна температура во опсег од16°C до 32°C;
- Суптропска: Овој фрижидер е наменет за употреба на собна температура во опсег од 16°C до 43°C.
- Тропска: овој фрижидер е наменет за употреба на собна температура во опсег од 16°C до 43°C

# Одложување на потрошен уред, ЕУ изјава за согласнос т

## Пријателски однос према околината

Производите означени со овој симбол означуваат дека производот спаѓа во групата на електрична и електронска опрема (ЕЕ производи) и не смее да се одложува заедно со домаќинскиот отпад.

Правилно одложување на овој производ ќе помогне во спречување на можни негативни последици на околината и човековото здравје, кој инаку би можеле да бидат загрозени со неодговорно одложување на потрошен производ.

За детални инфорамции за собирање на ЕЕ производи обратете се на М САН Група или во продавницата во која сте го купиле овој производ. Повеќе информации можете да најдете на www.elektrootpad.com и info@elektrootpad.com или со повикување на следниов број 062 606 062.

## ЕУ Изјава за согласност

Овој уред е произведен согласно со важечките Европски норми и е во согласност со сите важечки Директиви и Регулативи.

ЕУ Изјава за согласност можете да ја превземете од следниов линк:
**www.msan.hr/dokumentacijaartikala**

## Информативен лист

Податоци со информации за производот (Информативен лист) внесени се во базата со податоци на EPREL

За повеќе информации и информации за производот скенирајте го QR кодот или посетете ја интернет страницата: ***www.vivax.com***

DD-207 WH    DD-207 S    DD-207 SL

# ГАРАНТЕН ЛИСТ VIVAX МК

| | |
|---|---|
| МОДЕЛ НА УРЕД | |
| СЕРИСКИ БРОЈ | |
| ДАТУМ НА ПРОДАЖБА | |
| БРОЈ НА СМЕТКА | |
| НАПРОДАВАЧОТ | |
| ПОТПИС И ПЕЧАТ НА ПРОД. | |

**ПОЧИТУВАНИ!**
Ви благодариме што купивте уред на VIVAX и се надеваме дека сте задоволни со изборот. Доколку во текот на гарантниот рок се јави потреба од поправка на производот, побарајте совет од продавачот кој ви го продал производот или контактирајте со нас на долунаведените броеви и адреси. ВЕ МОЛИМЕ ПРЕД УПОТРЕБА НА ПРОИЗВОДОТ ВНИМАТЕЛНО ДА ГИ ПРОЧИТАТЕ УПАТСТВАТА ПРИЛОЖЕНИ КОН ПРОИЗВОДОТ!

**1.** Со оваа гаранција производателот на производот, преку ПАКОМ КОМПАНИ д.о.о.е.л како увозник и давател на гаранцијата во Република Македонија, гарантира бесплатна поправка согласно важечките прописи и условите наведени во овој гарантен лист. Со оваа гаранција Ви гарантираме дека предметот на гаранцијата ќе работи без грешки предизвикани од можно лоша изработка и употреба на лош материјал во изработката. Сите вакви дефекти ќе бидат бесплатно отстранети во овластените сервиси на увозникот во гарантен рок.

**ГАРАНТНИ УСЛОВИ:**

**2.** Гарантниот рок започнува да тече од денот на купувањето на производот и трае:

| | |
|---|---|
| **60 месеци (5 години)** | **ФРИЖИДЕРИ, ВЕРТИКАЛНИ И ХОРИЗОНТАЛНИ ЗАМРЗНУВАЧИ** |
| **36 месеци (3 години)** | **ШПОРЕТИ, МАШИНИ ЗА АЛИШТА И МАШИНИ ЗА СУШЕЊЕ АЛИШТА, МАШИНИ ЗА ПЕРЕЊЕ НА САДОВИ, КУЈНСКИ АСПИРАТОРИ, ВГРАДЛИВИ РЕРНИ И ПЛОЧИ, БОЈЛЕРИ** |

**3.** Во случај на појава на дефект кај производот кој е предмет на оваа гаранција се обврзуваме дека ќе го поправиме во најкраток можен рок, а најдоцна во рок од 30 дена. Ако производот не може да се поправи или не биде поправен во рок од 30 дена ќе биде заменет со нов. Ако поправката на производот трае подолго од 10 дена, гаранцијата се продолжува за времетраење на поправката.

**4.** Гаранцијата се признава само со приложување сметка за купување и со овој гарантен лист кој мора да биде правилно пополнет од страна на продавачот односно мора да содржи модел и сериски број, датум на продажба, печат и потпис на продавачот.

**5.** Извршителот на гаранцијата обезбедува сервис и резервни делови 5 години од датумот на купување.

**ГАРАНЦИЈАТА НЕ ОПФАЌА:**

**6.** Редовни проверки, одржување и замена на потрошни материјали. Прилагодувања или промени за подобрување на производот за намени кои не се опишани во техничките упатства за употреба, освен ако за тие промени не се согласил увозникот ПАКОМ КОМПАНИ д.о.о.е.л

**ГАРАНЦИЈАТА НЕ СЕ ПРИЗНАВА ВО СЛЕДНИВЕ СЛУЧАИ:**

- Ако купувачот не приложи исправен гарантен лист и сметка.
- Ако купувачот не се придржувал до упатствата за употреба на производот.
- Ако производот бил отворан, преправан или поправан од неовластени лица.
- Ако дефектите кај производот биле предизвикани од виши сили, како удар од гром, струен удар во електричната мрежа, елементарни непогоди и сл.
- Ако дефектите настанале поради непрописна употреба или неправилен транспорт.
- Ако дефектот настанал поради грешка на системот кон кој бил приклучен производот.

Оваа гаранција не ги менува законските права кои што важат во Република Македонија во однос на правата што ги пропишува увозникот. **Изјава:** Потрошувачот ги има законските права кои произлегуваат од националното законодавство кое ја регулира продажбата на производите и дека овие права не се загрозени со гаранцијата.

**Централен сервис:** **ПАКОМ КОМПАНИ, ул Јадранска магистрала 12, 1000 Скопје**
**Тел.: 02/3202 893. Факс: 02/ 3202 892.**
**M: servis@pakom.com.mk**
**www.pakom.com.mk, www.vivax.com**

| | | |
|---|---|---|
| ДАТУМ НА ПРИЕМ НА УРЕДОТ ВО СЕРВИС | | |
| ДАТУМ НА ПОПРАВАЊЕ | | |
| ДАТУМ НА ПРИЕМ НА УРЕДОТ ВО СЕРВИС | | |
| ДАТУМ НА ПОПРАВАЊЕ | | |
| ДАТУМ НА ПРИЕМ НА УРЕДОТ ВО СЕРВИС | | |
| ДАТУМ НА ПОПРАВАЊЕ | | |

# СПИСОК НА СЕРВИСИ

VIVAX **МК**

| Град | Сервис | Адреса | Телефон |
|---|---|---|---|
| **Скопје** | Филекс-Ком | Франц Прешерн 255 | 02 3232 228 |
| **Штип** | Сервис Дени | Косовска 105 | 070 720 709 |
| **Велес** | Електрон ББ | Маршал Тито 108 | 043 231 381 |
| **Кавадарци** | Далас Експрес | Вишешница 6 | 070 218 213 |
| **Гевгелија** | Еко Фриго Терм | Иво Лола Рибар 43 | 070 320 708 |
| **Прилеп** | Мис Електрокомпани | 11 Октомври 7а | 048 427 009 |
| **Ресен** | Владо Блажевски | | 070 249 343 |
| **Пехчево** | Алфа Електротехника | Ванчо Китанов 17 | 070 639 030 |
| **Св. Николе** | С-М | Ленинова бб | 070 632 829 |
| **Крива Паланка** | Ампер Младен | Борис Кидрич 19 | 070 271 611 |
| **Кичево** | Разлади ЕМ АА | 4. Јули 125 | 071 338 875 |
| **Битола** | Фригомонт Два | Трифун Пановски 28 | 070 269 313 |
| **Тетово** | Еко Клима ии | 19. Ноември 5 | 076 452 004 |
| **Гостивар** | Сервис Фриго | Никола Парапунов 72 | 070 215 420 |
| **Охрид** | Рит Електроника | Туристичка 44а | 046 261 281 |
| **Струга** | Мактри Ојлески | Наум Наумоски Борче 28 | 075 521 691 |

# FLETGARANCIONI

VIVAX

KS

| | |
|---|---|
| EMRI PRODUKTit | |
| LLOJI DHE MODELI | |
| PRODHUESI | |
| EMËRTIMI APO EMRI I SHITËSIT | |
| NUMRI SERIAL | |
| VULA: NËNSHKRIMI I PËRSONIT | |

**TË NDERUAR BLERËS!**
Faleminderit për blerjen tuaj dhe shpresoj seju do tëjenë të kënaqur me përzgjedhjen. Nëse periudha e garancionit është e nevojshme për të riparuar produktin, ju lutem konsultohuni me shitësin Apo me me përeonin i cilijua shet produktin tone JU LUTEM LEXONI ME KUJDESPARAPËRDORIMITPRODUKTIT DOKUMENTET TEKNIKE DHE MANUALET CILAT JANË VENDOSUR NË KUTI!

**GARANCI DEKLARATA:**
Kjo fletgarancion ju garanton që prodhuesi, nëpermjët AskTec Ltd, si një importues dhe ofrues i sigurisë ne Republikën e Kosoves, një riparim të lirë të njejtë në përputhje me rregullat e zbatueshme në pajtim me kushtet e përshkruara në këtë fletgarancion

**KUSHTET E GARANCIONIT:**

1. Kjo fletgarancion, ne garantojmë se ju do të jetë subjekt i kësaj pune garancisë pa gabime të mundshme të shkaktuara nga mjeshtëri e profesionalizuar dhe të materialit të dobët. Të gjitha gabimet mund të ndodhin ne do t korrigjohen pa pagesë në një shërbim garancion të autorizuar.
2. **PERIUDHA EGARANCIONIT**.Garancioni fillon nga dita eblerjes dhe vazhdon deri:

| | |
|---|---|
| **60 Muaj (5 Vite)** | **FRIGORIFERË,<br>FRIZAT VERTIKALË DHE FRIZAT** |
| **36 Muaj (3 Vite)** | **SHPORETAT, MAKINAT E LARJES SE TESHAVE, FURAT MONTUESE, ENELARSET, BOILERET.** |

3. Në rast prishjes produktit do të mbulohet nga ky garancion , zotohemi për të rregulluar njëjtin sa më shpejt të jetë e mundur, dhe jo më vonë se 45 ditë. Nëse produkti nuk mund të riparohet ose nuk riparohet brenda 45 ditëve, ajo do të zëvendësohet.
4. Nesë procedura riparimit zgjat më shumë se 10 ditë, garancioni do të shtvhet për kohëzgjatjen e riparimit.
5. Garancioni është e njohur vetëm me një faturë te shitjes, dhe me kartën e garancionit e cila duhet të plotësohet si duhet dhe duhet të përfshijë datën e shitjes, vula dhe nënshkrimi shitësit.

**GARANCIONI NUK MBULON**

6. Inspektimit të rregullt, mirëmbajtjen ndrrimi I pjesve hargjuese.
7. Rregullim ose ndryshim në përmirësimin e produktit për zbatimin që nuk janë përshkruar në udhëzimet tëknike për përdorim, përvec modifikime paraqitura Me pëlqimi AskTec LLC

**GARANCIONI NUK PRANOHET NE KËTO RASTE :**

- Nëse një klienti nuk paraqet kartën e saktë garancionit dhe faturën blerse.
- Në qoftë se bleresi nuk përmbush udhëzimet mbi përdorimin e produktit.
- Nëse produkti është i hapur, modifikuar ose riparuar nga personi i paautorizuar.
- Nëse dështimet produktit janë shkaktuar nga forcës madhore, të tilla si rrufeja, electriciteti në fatkeqësitë e rrjetit elektrike.
- Nëse dështime shkaktuar dëme nga përdorimi i pavend ose transportit të pahijshme. Nëse defekt është një defekt në sistemin në të cilën produkti është i lidhur.

| | | |
|---|---|---|
| DATA PRANIMIT PAISJES SERVIS | | |
| DATA RIPARIMIT | | |
| DATA PRANIMIT PAISJES SERVIS | | |
| DATA RIPARIMIT | | |
| DATA PRANIMIT PAISJES SERVIS | | |
| DATA RIPARIMIT | | |

## SHERBEMI I AUTORIZUAR VIVAX KS

**VIVAX Kondicioneret; Teknika e bardhe dhe pajisjet e vogla shtepiake**

**Ask Tec d.o.o.**
**Tahir Zajmi (Kosovatex)**
**10000 Prishtinë, Kosovë**
**Tel: +381 38 771 001**
**Fax: +381 38 771 000**



VIVAX

www.VIVAX.com